Деловоден број: **В 01-044/3**

Датум: 19.11.2024 год.

ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО

# ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ

КО ТЕТОВО 3

**( КП 13109 )**

**ВЕШТО ЛИЦЕ**

------------------------------------------------------------------------

(печат и потпис на лиценциран судски вештак)

**Основниот Суд - Тетово со писмо од 07.10.2024 год. побара да се изготви ВЕШТ НАОД по предмет [redacted] за Судска постапка за ФИЗИЧКА ДЕЛБА по предлог на предлагачите [redacted] и [redacted] од Тетово против противникот [redacted] од Тетово. Постапувајќи по барањето на Основниот Суд Тетово а врз основа на увидот и премерот извршен на лице место и врз основа на катастарските податоци го давам следниот:**

## ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ

На ден 14.10.2024 година во 13.00 часот заедно со судот-судијата [redacted] во присуство на предлагачите, правниот застапник на предлагачот и противникот излеговме на самото место за да се утврдат фактите и околностите неопходни за извршување на ова вештачење на катастарската парцела (КП) 13109 по Имотен лист број 34395, КО ТЕТОВО 3.

По извршениот увид, од страна на судијата ги добив следните задолженија:

1. **Да се произнесе кој е сопственик на предметната парцела 13109,**
2. **Дали објектите на лице место се запишани во АКН и во чија сопственост,**
3. **Да се прикаже фактичката состојба од лице место со мери и граници,**
4. **Да се произнесе дали има услови за делба и доколку има услови да предложи начин на делба согласно состојбата од лице место и делови на странките запишани во Имотен Лист.**

### 1. ДА СЕ ПРОИЗНЕСЕ КОЈ Е СОПСТВЕНИК НА ПРЕДМЕТНАТА ПАРЦЕЛА 13109

**ЗЕМЈИШТЕ**

КП 13109 со вкупна површина од 250м2 (гиз - 114м2, зпз 1 - 77м2 и зпз 2 - 59м2) на в.м.К.Ј.ПИТУ БР.17-ТЕТОВО во катастарот на недвижностите (КН) е запишана во Имотен лист број 34395, КО ТЕТОВО 3 во сосопственост на:

| Имотен лист | Име и презиме | Град | Улица | Број | Дел на посед |
|---|---|---|---|---|---|
| 34395 | [redacted] | ТЕТОВО | К.Ј.ПИТУ | 17 | 24/50 |
| 34395 | [redacted] | ТЕТОВО | КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 17 | 13/50 |
| 34395 | [redacted] | ТЕТОВО | К.Ј.ПИТУ | 17 | 13/50 |

### 2. ДАЛИ ОБЈЕКТИТЕ НА ЛИЦЕ МЕСТО СЕ ЗАПИШАНИ ВО АКН И ВО ЧИЈА СОПСТВЕНОСТ

**ОБЈЕКТ(ЕТАЖ)**

**Објектот бр.1** од приземје+кат 1 и **објектот бр.2** од приземје+кат 1 на КП 13109 во катастарот на недвижностите се запишани во Имотен лист број 34395, КО ТЕТОВО 3 во сосопственост на:

| Имотен лист | Име и презиме | Град | Улица | Број | Дел на посед |
|---|---|---|---|---|---|
| 34395 | [redacted] | ТЕТОВО | К.Ј.ПИТУ | 17 | 24/50 |
| 34395 | [redacted] | ТЕТОВО | КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ ПИТУ | 17 | 13/50 |
| 34395 | [redacted] | ТЕТОВО | К.Ј.ПИТУ | 17 | 13/50 |

**3. ДА СЕ ПРИКАЖЕ ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА ОД ЛИЦЕ МЕСТО СО МЕРИ И ГРАНИЦИ**

Постапувајќи по даденото задолжение на ден 19.11.2024 год. во 11:00 часот по претходно известување на правниот застапник на предлагачот и противникот извршив премер на фактичката ситуација од лице место и на сите детали кои се неопходни за изготвување на ова вештачење.

Од улицата К.Ј.Питу се влегува во дворот на предметната парцела 13109 при што објектот бр.1 се наоѓа до самата улица К.Ј.Питу на северозападната страна додека објектот бр.2 е на источната страна на парцелата. По кажување на странките објектот бр.1 е во владение на предлагачите [redacted] и [redacted] додека објектот бр.2 е во владение на противникот [redacted].

На лице место објектот бр.1 се состои од подрум+приземје+кат додека објектот бр.2 се состои од приземје+кат.

**4. ДА СЕ ПРОИЗНЕСЕ ДАЛИ ИМА УСЛОВИ ЗА ДЕЛБА И ДОКОЛКУ ИМА УСЛОВИ ДА ПРЕДЛОЖИ НАЧИН НА ДЕЛБА СОГЛАСНО СОСТОЈБАТА ОД ЛИЦЕ МЕСТО И ДЕЛОВИ НА СТРАНКИТЕ ЗАПИШАНИ ВО ИМОТЕН ЛИСТ**

Согласно сосопственичките идеални делови на КП 13109:

- на [redacted] му припаѓа 13/50 идеален дел кој дел претворен во реален дел изнесува **65м2**,
- на [redacted] му припаѓа 13/50 идеален дел кој дел претворен во реален дел изнесува **65м2**,
- на [redacted] му припаѓа 24/50 идеален дел кој дел претворен во реален дел изнесува **120м2**.

Врз основа на идеалните делови на сосопствениците на КП 13109 и имајќи ја во предвид фактичката состојба од лице место е констатирано дека предметната катастарска парцела 13109, КО ТЕТОВО 3 **е делива** и го давам следниот **ПРЕДЛОГ** за физичка делба според кој:

- на **предлагачите** [redacted] **и** [redacted] по **1/2 идеален дел** би им припаднало:

**ЗЕМЈИШТЕ**

- дел од КП 13109 со вкупна површина од **130м2** (гиз - 53м2 и зпз 1 - 77м2) која површина во овој вешт наод е означена со КП **13109/1.**

Површината од 130м2 е ограничена со страните 14-15-16 (североисток) во должина од 7,5м и 2,1м, страната 16-9 (исток) во должина од 10,7м, страните 9-10-11 (југ) во должина од 4,6м и 5,9м и страните 11-12-13-14 (северозапад) во должина од 10,5м, 0,3м и 4,7м.

**ОБЈЕКТ(ЕТАЖ)**

**Објектот бр.1** од приземје+кат 1 на КП 13109 кој во катастарот на недвижностите е запишан во Имотен лист број 34395, КО ТЕТОВО 3 и треба да се нумерира како објект бр.1 на новоформираната КП 13109/1.

- на **противникот** **1/1** би му припаднало:

**ЗЕМЈИШТЕ**

- дел од КП 13109 со вкупна површина од **120м2** (гиз - 61м2 и зпз 2 - 59м2 пренумериран во зпз 1) која површина во овој вешт наод е означена со КП **13109/2.**

Површината од 120м2 е ограничена со страните 1-2-3-4 (североисток) во должина од 8,9м, 2,2м и 4,6м, страните 4-5-6-7 (исток) во должина од 6,2м, 4,1м и 2,5м, страните 7-8-9 (југ) во должина од 4,6м и 3,8м и страните 9-16-15-14-1 (запад) во должина од 10,7м, 2,1м, 7,5м и 3,1м.

**ОБЈЕКТ(ЕТАЖ)**

**Објектот бр.2** од приземје+кат 1 на КП 13109 кој во катастарот на недвижностите е запишан во Имотен лист број 34395, КО ТЕТОВО 3 и треба да се пренумерира во објект бр.1 на новоформираната КП 13109/2.

## МИСЛЕЊЕ

Со ваквиот **ПРЕДЛОГ** за физичка делба на КП 13109 секој од сосопствениците на парцелата би го добил својот идеален дел претворен во реален дел согласно површината на КП 13109 која е запишана во Имотниот Лист број 34395, КО ТЕТОВО 3.

Ситуацијата по КН, ситуацијата од лице место, ПРЕДЛОГОТ за физичка делба со мери и граници како и другите детали се прикажани и во ПРИЛОГ бр. 1 кој е составен дел на овој вешт наод.

Овој Вешт наод е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци.

**ВЕШТО ЛИЦЕ**

---------------------------------------------------------------------

(печат и потпис на лиценциран судски вештак)

ПРИЛОГ 1. Ситуација по катастар на недвижности, лице место и ПРЕДЛОГ за делба на КП 13109

КО ТЕТОВО 3




ЛЕГЕНДА:

- ситуација по катастар на недвижности
- ПРЕДЛОГ за физичка делба
- станбен објект кој етажно е запишан во КН
- должина помеѓу две гранични точки
- шахта од канализација
- шахта од водовод
- чешма
- зимзелено дрво

Тетово, Ноември 2024 год.

Вешто лице:

М.П.